

# Каролина на Радискиот фестивал во Хрватска

Поп-ѕвездата Каролина Гочева годинава ќе настапи на хрватскиот Радиски фестивал. Таа ќе настапи со песната "Један дан", за која музиката ја направи Григор Копров, текстот Јелена Трифуновиќ, аранжманот - Владимир Дојчиновски-Дојчин и која е снимена во студиото "Блу". За прв пат по 15 години некој композитор од поранешните југословенски републики влегува на ваква врвна манифестација во Хрватска. Хрватскиот Радиски фестивал, кој досега има најголем рејтинг меѓу другите такви фестивали, ќе се одржи во јуни, во Трогир.

Каролина, пак, вчера замина за Белград, каде што ќе биде гостинка на српскиот Избор на песна за Евровизија. По Белград, ја очекуваат уште неколку активности поврзани со европскиот Избор за песна на Евровизија.

***(В.М.)***

РАНКО И КИЛИ - ПРЕДАВАЧИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

# Зошто е успешна "Златна бубамара"?

Ранко (Златна Бубамара) и актерот Кирил Поп Христов-Кили во вторникот одржале предавање за студентите на Економскиот факултет во Скопје. Тие биле поканети да одржат презентација на часот маркетинг на услужните дејности, кај проф. Снежана Ристевска-Јовановска. Предавањето на Ранко и на Кили траело 20 минути и имало цел да ги запознае студентите со сите аспекти на концептот на манифестацијата "Златна бубамара на популарноста", која годинава го прослави 10-тиот јубилеен роденден.

Презентацијата била во рамките на праксата на Економскиот факултет, кој поканува претставници од успешни компании и манифестации, кои ги презентираат пред студентите своите почетоци во бизнисот, начинот на работа и бизнис-визиите. ***(А.Г.)***









# Жељко на вечера со Елена



Српската мегаѕвезда Жељко Јоксимовиќ на 17 март ќе одржи концерт во "Метрополис арената" на Скопски саем. Негова голема желба била поп-пејачката Елена Ристеска да му биде гостинка на концертот.

- Елена ја запознав на ланскиот избор за Евровизија во Атина. Таа е млада, убава и ѝ претстои голема музичка кариера. Би сакал да снимиме и заеднички дует, зошто да не? Чест ми е ваква убавица да ми биде гостинка на концертот - рече Јоксимовиќ на завчерашната прес-конференција во бизнис-салата на Скопски саем. Претходната вечер, поп-пејачот вечераше со Елена во ресторанот "Балканика". По пресот, испи кафе во едно од скопските кафулиња на кејот.

Тој ќе се претстави пред македонската публика со старите и со новите хитови. За неговиот концерт се пуштени во продажба само 4.000 влезници. Од промоторската куќа "КА" велат дека се решиле на ваков чекор поради квалитетот на концертот. Цената на билетите е 350 денари, а ВИП-влезниците чинат 500 денари.

***Фото и текст : (З.В.)***